ПП бр: 13 – 26 / 12

Врз основа на член 9 став (3), член 10 и член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски и Никола Трајчевски – членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност, со заклучок ПП бр.13-26/5 од 11.04.2025 година против Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола, со седиште на адреса „Новачки пат“ бб, 7000 Битола, Република Северна Македонија, на седница одржана на ден 19.06.2025 година го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1) Се утврдува дека Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола, со седиште на адреса „Новачки пат“ бб, 7000 Битола, Република Северна Македонија со ЕМБС: 4778545, сторило прекршок од член 27 став (1) точка 2) од Законот, за што му се изрекува глоба во износ од 5.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

2) Се утврдува дека согласно 27 став (2) од Законот, на одговорното лице (управител) во правното лице Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола, со седиште на адреса „Новачки пат“ бб, 7000 Битола, Република Северна Македонија, Зоран Ристески со живеалиште на адреса ул. „Новосадска“ бр. 10, Битола, Република Северна Македонија (управител) му се изрекува глоба во износ од 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

3) Глобата од точка 2) и точка 3) од ова решение, сторителите на прекршокот се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

**На ден 19.03.2025 година**, поради постоење на сознанија дека поседуваат предмети, исправи или друга документација или имаат сознанија кои можат да бидат од значење за утврдување на прекршок, КОП донесе заклучок за барање на податоци заведен под ПП бр.13-26/2 од 19.03.2025 година за правното лице: Друштво за производство, трговија и услуги ЦЕРМАТ ПРОИЗВОДСТВО ДООЕЛ увоз-извоз Битола, со седиште на Новачки Пат ББ, 7000 Битола, Република Северна Македонија. Со Заклучокот, беше побарано од друштвото до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да ги достави следните податоци во рок од 8 дена:

- Копија од потпишан важечки договор за снабдување со производи, склучен со купувач, согласно одредбите предвидени со Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи;
- Целосна листа на купувачи (со назив, седиште и даночен број), со кои друштвото има склучен договор за снабдување со производи согласно одредбите од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи.

Со доставениот Заклучок, Комисијата го извести друштвото дека и непостапувањето по овој Заклучок за доставување на податоците наведени во точка 1 и во определениот рок во точка 3 од истиот, како и доставување на неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата за одлучување по прекршок претставува прекршок од член 27 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот.

**На 04.04.2025 година**, како одговор на Заклучокот за барање на податоци заведен под ПП бр.13-26/2 од 19.03.2025 година, Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола, со седиште на адреса „Новачки пат“ бб, 7000 Битола, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: „Цермат”), достави одговор на Заклучокот со допис заверен под ПП бр. 13-26/4 од 04.04.2025 година. Во дописот е наведено дека согласно член 6 и член 7 од Законот, друштвото има склучено договори со ДПТУ Жито Дооел Велес од 23.09.2024 година и Макпетрол АД Скопје од 12.03.2025 година и истите ги доставува во прилог на дописот. Од увидот во доставената документација, КОП утврди дека во дописот се приложени и табела со позиции на фрижидери за сладолед 2025 како и асортиман на сладоледи.

**На 11.04.2025 година,** согласно анализата на доставените податоци, на седница на КОП беше донесен Заклучок за поведување на прекршочна постапка против Цермат, заведен под број 13-26/5 од 07.03.2025 година, заради тоа што друштвото не постапило по Заклучокот на КОП бр.13-26/2 од 19.03.2025 година, што претставува евентуален прекршок од член 27 став (1) точка 2) од Законот.

Со заклучокот за поведување на прекршочна постапка, КОП го задолжи Цермат, во рок од 8 дена да достави и:

- Извод од Централен регистар за тековна состојба;
- Биланс на успех за 2024 година и
- Податоци за жиро - сметка, единствен даночен број и депонент - банка.

**На 22.04.2025 година**, како одговор на Заклучокот за поведување на прекршочна постапка, Цермат достави до КОП два дописи, и тоа:

- Одговор на заклучок за поведување на прекршочна постапка заведен под ПП бр. 13-26/7 од 22.04.2025 година и Податоци побарани со заклучокот заведен под ПП бр. 13-26/8 од 22.04.2025 година.

Со цел утврдување на постоење на евентуален прекршок од член 26 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот, КОП направи анализа на прибавените податоци во дотогашниот тек на постапката, при што КОП утврди дека Цермат нема доставено целосна листа на купувачи (со назив, седиште и даночен број), согласно доставениот Заклучок за барање на податоци ПП бр.13-26/2 од 19.03.2025 година.

Во таа насока КОП на седница одржана на 30.04.2025 година донесе известување за утврдена фактичка состојба кое беше доставено до Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола со допис бр.13-26/10 од 30.04.2025 година.

На 19.05.2025 година со допис бр.13-26/11, Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола достави писмено изјаснување за известувањето за утврдена фактичка состојба при што во прилог на изјаснувањето ја достави и бараната листа на купувачи, односно достави преглед на комитенти заведено со арх.бр.кај правното лице 2638/2 од 17.05.2024 година. Исто така, во писменото произнесување ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола наведува дека неспорно е дека КЗК со заклучок бр.13-26/2 од 19.03.2025 година побарал ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола да достави целосна листа на купувачи со кои друштвото има склучено договор и дека неспорно е дека на ден 04.04.2025 година ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола доставил известување со прилог склучени договори со ДТПУ Жито ДООЕЛ Велес и Макпетрол АД Скопје и дека јасно ставил до знаење на КЗК дека дадената листа е дадена согласно чл.6 и чл.7 од Законот за забрана за нефер трговски практики, односно ставил на знаење дека дал листа на комитенти кои можат да имаат влијание врз одлуките и условите во договорите, односно да наметнат нефер трговски практики. Дополнително истакнува дека КЗК може да побара дополнување на таа листа и со останати купувачи. Исто така, наведува дека се работи за различно толкување на обврската во барањето од 19.03.2025 година и дека целта на ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола, ниту била, ниту е, да не се доставаат податоци за купувачите, а на тоа упатувал и одговорот на заклучокот за поведување на прекршочна постапка.

Во согласност со член 21 став (2) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи, КОП, по доставеното известување за утврдена фактичка состојба, ја разгледа содржината на писменото изјаснување на правното лице Мешовито друштво за производство на сладолед, трговија на големо и мало, превоз, услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола од 19.05.2025 година, заедно со приложената документација.
Со оглед на тоа што во писменото произнесување се наведуваат наводи кои имаат за цел да го релативизираат непостапувањето по заклучокот за доставување податоци ПП бр.13-26/2 од 19.03.2025 година, КОП ја направи потребната правна и фактичка анализа на аргументите изнесени од страна на правното лице. По извршената анализа, КОП утврди дека наводите изнесени во произнесувањето се неосновани и не можат да го отстранат или оправдаат непочитувањето на обврските утврдени со Законот, односно непостапувањето по доставеното барање во целост и во дадениот рок.
Имено, во заклучокот бр.13-26/2 од 19.03.2025 година јасно и недвосмислено е наведено дека треба да се достави „целосна листа на купувачи со кои друштвото има склучен договор за снабдување, со назив, седиште и даночен број“. Барањето не прави разлика меѓу купувачи кои можат да влијаат на договорните односи и останати купувачи, туку бара целосна листа. Со тоа, неосновано е ЦЕРМАТ да тврди дека барањето се однесува само на големи купувачи или на оние кои можат да наметнат нефер практики.
Фактот дека ЦЕРМАТ доставил само дел од бараните податоци (доставил договор со Жито ДООЕЛ и Макпетрол) и наводно по сопствено толкување избрал кои купувачи да ги прикаже, не ја отстранува обврската за целосно исполнување на барањето. Нецелосна и селективна достава на податоци претставува нецелосен одговор, што е прекршок согласно член 27 став (1) точка 2) од Законот.
ЦЕРМАТ во изјаснувањето наведува дека КОП можел да побара дополнување на листата. Сепак, во известувањето за утврдена фактичка состојба се истакнува дека со Заклучокот биле предупредени за последиците од непостапување, па така, обврска била на ЦЕРМАТ да постапи целосно, а не на обврска на КОП повторно да ги повикува да доставаат податоци. Тврдењето дека КОП можел да побара уште еднаш претставува префрлање на одговорноста, што не е прифатливо во оваа постапка каде обврската е јасно утврдена со Закон.
ЦЕРМАТ наведува дека немале намера да прикријат податоци и дека се работи за „различно толкување“. Но, дури и субјективната заблуда (како што сака да прикаже ЦЕРМАТ) не ја исклучува правната одговорност ако правното лице постапувало спротивно на јасно и конкретно барање од КОП. Дополнително, ЦЕРМАТ е правно лице што редовно работи со договори со над 800 комитенти, па затоа било должно да го разбере обемот на законската обврска и барањето на КОП. Членот 18 од Законот за забрана на нефер трговски практики ја овластува КОП да побара конкретни податоци, а член 27 предвидува санкции за доставување на нецелосни податоци. Со недоставување на целосна листа, ЦЕРМАТ објективно сторил прекршок, без оглед на неговата намера/ненамера или интерпретација.

Конечно, КОП го зема предвид фактот дека ЦЕРМАТ во писменото изјаснување на известувањето за утврдена фактичка состојба доставил комплетна листа на комитенти што претставува олеснителна околност при определување на висината на глобата (чл. 28 ст. 3 т.2), тоа не ја отстранува објективната повреда на законската обврска, особено во ситуација кога таа е јасна и недвосмислена.

Согласно 27 став (1) точка 2) од Законот, а во врска со барањето на податоци согласно член 18 од Законот, КОП на правното лице ќе му изрече глоба за прекршок на правното лице во износ од 500 до 750 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за голем трговец ако истото достави неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата за одлучување по прекршок.

Согласно 27 став (2) од Законот, , а во врска со барањето на податоци согласно член 18 од Законот, КОП на одговорното лице во правното лице за дејствата од ставот (1) на овој член, ќе му изрече глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 200 до 350 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност за голем трговец.

Согласно член 28 став (1) од Законот, во одмерувањето на износот на глобата, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно 28 став (2) од Законот, КОП при одмерување на глобата најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го приспособува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

Согласно 28 став (3) точка 2) од Законот, КОП при одмерување на глобата го зема во предвид фактот дека сторителот на прекршокот ефективно соработуваше со КОП.

Имајќи ги во предвид утврдената фактичка состојба, применливите законски одредби, како и изнесените наводи и аргументи од страна на правното лице ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола, КОП оцени дека постои основаност за изрекување санкција согласно член 27 став (1) точка 2) и став (2) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи.

Во постапката беа утврдени и одредени олеснителни околности, меѓу кои и фактот дека по иницирање на прекршочната постапка, а пред завршување на истата, правното лице достави комплетна листа на купувачи/комитенти и на тој начин ефективно соработуваше со КОП, што е земено предвид при одмерување на висината на глобата.

При определување на износот на глобата, КОП согласно член 28 од Законот, ги зеде предвид тежината на сторениот прекршок, времетраењето на непостапувањето, како и последиците што може да произлезат од доставување на нецелосни податоци во постапка водена по службена должност. Исто така, КОП ги ценеше и олеснителните околности во конкретниот

случај, особено фактот што, ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО Битола ја доставил комплетна листа на купувачи, согласно барањето содржано во заклучокот бр.13-26/2 од 19.03.2025 година. Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (30) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**